**Соопштение за втората (јунска) испитна сесија во учебната 2025/2026 г. за студентите на ВТОР циклус студии**

се известуваат студентите на ВТОР ЦИКЛУС студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека втората испитна сесија во учебната 2025/2026 г. ќе се одвива во периодот од:

**8 јуни 2026 до 10.07.2026**

**Термините за полагање на испитите, се дефинираат во договор со предметните професори.**

Студентите во втората испитна сесија, можат да полагаат испити по предметите слушани во зимскиот семестар и летниот семестар во учебната 2025/2026 година, за кои им се остварени сите обврски, како и да им е уредно запишан летниот семестар во учебната 2025/2026 година.

ЗАДОЛЖИТЕЛНО електронското пријавување на испитите во i-know системот, ќе се одвива од **11.05.2026 до 31.05.2026** г.

Во i-know системот, сесијата се води како: **2026 (Летна) втора испитна сесија**

| |
|---|
| **Што значи уредно пријавен испит?** |
| 1. Студентот задолжително треба да го пријави испитот електронски , преку својот профил во iknow системот. (кратко упатство, подоле)<br>2. Студентот покрај задолжителното електронско пријавување на испитот, на денот на полагање на испитот треба да носи со себе индекс и пријава за испит (хартија). |
| **ПОДРШКА и комуникација со студентите**<br>Доколку имате недоследности поврзани со податоците во вашето електронско досие (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, до одговорното лице, Ивана Мицевска – Ристовска, Соработник за магистерски и докторски студии, е-маил: ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk<br>**Кратко упатство:**<br>Во полето "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. Во ова поле се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во период означен од одделението за студентски прашања. Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги „чекиравте“ во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето “пријави” одбраните предмети се пријавуваат за одбраната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар. |

**Задоцнето пријавување испит** Доколку не го пријавиле испитот во дефинираниот рок, студентите, уплаќаат 1.000,00 денари надоместок за задоцнето пријавување испит, односно задоцнето електронско пријавување на испит по рокот.

Надоместокот за задоцнето пријавување испит, студентите треба да го уплатат преку своите профили во iknow системот преку Модулот **документи,** селектираат **Барање за задоцнето пријавување на испит (од 2024)** со што ќе им се овозможи да ја извршат уплатата во износ од 1000,00 денари.

После реализирањето на уплатата, студентот задолжително до одговорното лице, Ивана Мицевска – Ристовска, Соработник за магистерски и докторски студии, е-маил: ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk, со кратка содржина: број на индекс и кој испит/и треба да му се пријави/ат со задоцнување.

08.05.2025 година

од деканатот,